РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство
Бр. 08-1106/1
18.06.2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-2844/1
18-06-2025 20 год.viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ______________ година, помеѓу

**1.Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)**, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје со седиште на ул. Руѓер Бошковиќ бр.16 Скопје, застапувано од Декан Проф. д-р Боро Јакимовски (во понатамошниот текст: факултетот) од една страна и

**2.Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул. „Македонија" бр.27 во Скопје, застапувано од Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини **Сања Божиновска** (во понатамошниот текст: Министерство) од друга страна

*Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон;*

*Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на знаења и искуства;*

*Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на високо образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност на Факултетот и унапредување на ефикасноста и ефективноста на јавниот сектор како и потребата од дигитализација на јавниот сектор;*

*Согласно позитивното законодавство на Република Северна Македонија, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се согласија за следното*:

## ЧЛЕН 1 – ЦЕЛИ

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес, базирани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови на една од двете странки насочени кон унапредувањето на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на информатичките науки и компјутерското инженерство.

## ЧЛЕН 2 - ПРЕДМЕТ

Предмет на овој Меморандум е остварување соработка помеѓу Факултетот и Министерството во врска со размена на искуства, знаења, едукација и усовршување на кадри од областите во кои двете страни имаат стратешки и програмски интереси, како и кадровски и други потенцијали.

Соработката се остварува врз основа на Законот за високото образование, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за

административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор како другите акти со кои што се уредува работењето на договорните страни.

## ЧЛЕН 3 – ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, а посебно внимание ќе се даде на следните полиња на соработка:

- Ангажирање на студенти од Факултетот за потребите на Министерството;
- Организација и спроведување едукативни активности (обуки, семинари, работилници, тркалезни маси, научни собири и сл.) за стручно усовршување на административните службеници и на вработените во Министерството;
- Организација и спроведување едукативни активности за практично усовршување на студентите на Факулетот (практична настава);
- Стручни и научни истражувања за потребите на договорните страни;
- Експертска помош при изработка на проекти, анализи, предлози;
- Помош при дигитализација на јавната администрација;
- Организација на заеднички Хакатони;
- Други форми на размена на знаење и искуство во насока на истражување и развој од заеднички интерес.
- Попуст од 30% за вработените кај вториот потписник при запишување на студии од втор циклус студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство

## ЧЛЕН 4 – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОРМИТЕ НА СОРАБОТКА

За спроведување на формите на соработка Факултетот и Министерството ќе склучуваат посебни договори со кои што ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

За студентите кои практичната настава ќе ја спроведуваат во Министерството, ќе бидат издадени соодветни документи согласно процедурата за пракси на Факултетот.

Склучувањето на овој Меморандум не предизвикува финансиски обврски за ниту една од страните и истите може да настанат само врз основа на посебен Договор склучен согласно ставот (1) на овој член.

За секоја од формите на соработка Факултетот и Министерството ќе назначат одговорно контакт лице.

## ЧЛЕН 5 – КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Потписниците на Меморандумот најмалку еднаш на шест месеци, а по потреба и почесто ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот како и за другите дополнителни акти што ќе произлезат од истиот.

ЧЛЕН 6 – ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Потписниците на Меморандумот се обврзуваат да обезбедат тајност и заштита на личните податоци на начин што нема да бидат повредени обврзувачките законски и подзаконски акти.

ЧЛЕН 7 - ДОБРО ИМЕ

Потписниците на Меморандумот се должни да се грижат за угледот и доброто име на другата договорна страна, доколку тоа не е во спротивност со прописите, како и да ги штитат заедничките интереси.

ЧЛЕН 8 – ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата страна, доколку другата страна не се придржува до неговите одредби и ако престане потребата од меѓусебна соработка, истиот се смета за раскинат по истекот на 5 дена од денот на приемот на писменото известување.

ЧЛЕН 9 – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е потпишан од страна на Деканот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство од една страна и Министерот од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини од друга страна.

Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат во писмена форма, со потпишување на Анекс на Меморандумот.

Страните се обврзуваат сите несогласувања кои ќе произлезат од овој Меморандум да ги решаваат преку меѓусебни консултации и усогласување на ставовите.

Меморандумот е изготвен во 4 еднакви примероци, од кои по два примероци за секој потписник.

| Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) | Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини |
|---|---|
| Проф. д-р Боро Јакимовски<br>ДЕКАН | Сања Божиновска<br>Министер |